**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**13.02. 2014 година**
**С К О П Ј Е**

**СООПШТЕНИЕ**
**ЗА ЈАВЕН УВИД ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛСКИТЕ ИЗБОРИ 2014 Г.**

Се известуваат граѓаните на Република Македонија дека од 16 февруари до 7 март 2014 година ќе се врши јавен увид во Избирачкиот список за изборите за претседател на Република Македонија.

Јавниот увид ќе се врши во просториите на подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комиисја, низ целата територија на Република Македонија, како и во просториите во општините каде Државната изборна комисија нема свои подрачни одделенија.

Увидот може да се изврши секој ден, во време од 8.30 до 19 часот.

При вршењето на јавниот увид, граѓаните се идентификуваат пред овластеното лице на Државната изборна комисија со покажување на важечка, биометриска лична карта или важечки, биометриски пасош, издадени од надлежен орган на Република Македонија.

Сите граѓани кои не се во Избирачкиот список поради немање важечка биометриска лична карта односно важечки биометриски пасош, треба веднаш да аплицираат за добивање нов документ за идентификација.

Граѓаните, кои во меѓувреме извадиле нова биометриска лична карта или патна исправа, треба да се јават во просториите на подрачните одделенија и канцеларии на Државната изборна комисија како и во просториите во општините каде Државната изборна комисија нема свои подрачни одделенија, за да поднесат Барање за запишување, дополнување или бришење на податоци во Избирачкиот список. Со Барањето се приложува и соодветна документација.

Јавниот увид може да се изврши и на интернет страницата на Државната изборна комисија, www.sec.mk со впишување на Единствениот матичен број на граѓаните.

Се известуваат заинтересираните граѓани дека собирањето на 10.000 потписи за поддршка на листа на кандидат за претседател на Република Македонија од група избирачи, ќе се спроведе од 16 февруари до 2 март 2014 година, во периодот од 8.30 до 19 часот во просториите каде што се врши јавниот увид во Избирачкиот список.

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА